Извештај за самоевалуација на институцијата и студиските програми на Економски институт-Скопје, за 2014-2017 година

КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

- д-р Наташа Данилоска, претставник од редот на лицата со научно звање, претседател
- д-р Неда Петроска Ангеловска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- д-р Климентина Попоска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- д-р Диана Бошковска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- д-р Владимир Петковски, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- Калина Велковска, претставник од редот на студентите,член
- Ева Нединкоска, претставник од редот на студентите,член

СОДРЖИНА

1.Вовед и цел на процесот на самоеваулација
2.Користени документи
3.Опис на единицата Економски институт-Скопје
    3.1. Мисија и цели на единицата
    3.2. Стратегија за остварување на мисијата
4. Научноистражувачка дејност
5. Наставно-образовна дејност
    5.1. Студиски програми
    5.2. Студенти
6. Научен, наставно-научен и соработнички кадар
7. Просторни и материјални услови (ресурси)
8. Логистика и соработнички кадар
9. Надворешна соработка
10. Финансирање
11. Заклучоци

1. ВОВЕД И ЦЕЛ НА ПРОЦЕСОТ НА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на член 77 став 4 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ број 35/08, бр. 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013), Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје) и Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот усвоено на 9-тата седница на Универзитетскиот Сенат од 30.04.2014 година, Научниот совет на Економскиот институт-Скопје на својата 97-ма седница одржана на 16.09.2013 година донесе одлука бр. 02-1695/3, од 16.9.2013 година за формирање на Комисија за самоевалуација (во понатамошниот текст Комисија), која самоевалуацијата на Институтот ќе ја спроведува во интервал од три години. На наведената седница на Научниот совет на Институтот, со тајно гласање за членови на Комисијата се избрани:

- д-р Татјана Петковска-Мирчевска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање
- д-р Наташа Данилоска, претставник од редот на лицата со научно звање,член
- д-р Неда Петроска Ангеловска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- д-р Климентина Попоска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- д-р Диана Бошковска, претставник од редот на лицата со наставно-научно звање, член
- Ѓорѓи Бошковски, претставник од редот на студентите, член
- Зоран Самарџиев, претставник од редот на студентите, член

Членовите на Комисијата од редот на лицата со наставно-научно и научно звање, се избрани со мандат од 4 (четири) години, а претставниците од редот на студентите со мандат од 2 (две) години. Комисијата за самоевалуација, на својата прва конститутивна седница, за претседател на Комисијата ја избра д-р Татјана Петковска-Мирчевска. Заради престанок на статусот на студентот Ѓорѓи Бошковски, Научниот совет на својата 103 седница од 28.2.2014 година на негово место за претставник на студентите во Комисијата за самоевалуција ја избра Бјанка Капушеска (Одлука арх. бр.02-488/1 од 4/3.2014). По истекот на мандатот на претставниците од редот на студентите, на 123-тата седница на Научниот совет на Институтот, одржана на 25.11.2015 година, за нови претсавници на студентите избрани се Ева Нединкова и Калина Велковска (Одлука бр. 02-1847/3, од 26.11.2015 година). На 134-тата седница на Научниот совет, одржана на 26.10.2016 година, дојде до промена на еден член од Комисијата за самоевалуација. Имено, заради назначување на д-р Татјана Петковска-Мирчевска за вршител на должноста директор на Економскиот институт, за нов член на Комисијата се избра д-р Владимир Петковски (Одлука бр. 02-1445/1 од 28.10.2016 година), со мандат до истекот на мандатот на другите членови на Комисијата. На состанокот на Комисијата одржан на 6.3.2017 година,
за нов претстедател на Комисијата е назначена д-р Наташа Данилоска (Записник од состанокот на Комисијата за самоевалуација, одржан на 6.3.2017 година, бр. 02-363/1).

Основна цел на процесот на самоевалуацијата е мониторинг и анализа на сите релевантни сегменти од работењето на секоја научноистражувачка и високообразовна институција. Затоа, самоевалуацијата се врши врз основа на квалитативна анализа и анализа заснована врз релевантни квантитативни параметри што понатаму претставува база за донесување на прецизни и јасни констатации и заклучоци темелени врз факти.

Комисијата за самоевалуација на Економскиот институт-Скопје, ја спроведе постапката за самоевалуација и подготви Извештај за истата. Во извештајот, со примена на **SWOT анализа** се претставени предностите, а особено слабостите, можностите и пречките во реализацијата на мисијата на институтот и тоа во сите сегменти од неговото делување, како би можело, врз основа на заклучоците и препораките, активностите на раководството да се насочат кон подобрување на научно-истражувачката дејност, студиските програми од вториот и третиот циклус на студии и квалитетот на институцијата во целина.

Според Статутот на Универзитетот, самоевалуацијата треба да се спроведе според Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот, кое е донесено од стана на Универзитетскиот сенат, а се однесува на сите негови единици. Раководени од концепциската поставеност на процесот на самоевалуација и аквизиција на податоците, Комисијата ја базираше својата работа врз постојната документација на институтот организирана во рамки на стручната и административната служба. Дополнително, за потребите на самоевалуацијата, Комисијата подготви потребен број од унифицираните анкетни прашалници за сите единици на УКИМ, а кои беа прифатени како соодветни од страна на Универзитетскиот Сенат при УКИМ и претставуваат базична документација за реализација на процесот. Содржината на анкетните листови е соодветно осмислена и со нејзина анализа може да се дојде до реални и точни проценки за повеќе прашања. Комисијата во секоја од годините на извештајниот период во целост ја реализираше активноста за прибирање, обработка и анализа на податоци од анкетните листови и доставуваше годишни извештаи до Научниот совет на Институтот, а резултатите се составен дел и од овој Извештајот.

За изработка на овој Извештај, Комисијата оствари контакти со сите структури и служби на институтот, а често и поединечно со вработените, со студентите, со раководството на институтот, особено со директорот на институтот, проф. д-р Билјана Ангелова, чијшто мандат престана во 2016 година, со назначениот вршител на должност дирелтот, д-р Татјана Петковска-Мирчевска, која беше избрана и назначена и за нов директор на Институтит. Остварувањето на контактите е спроведено главно по писмен пат (електронска комуникација), но и преку директни разговори.

2. КОРИСТЕНИ ДОКУМЕНТИ

Економскиот институт-Скопје, како единица на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, работи според акти и документи со кои е утврдена неговата регистрација и акредитација за вршење научно-истражувачка работа, наставно-образовна дејност и апликативна дејност. Со тие документи се уредени односите, обврските и одговорностите на вработените и органите на институтот, взаемните односи на вработените и студентите во остварувањето на образовниот процес предвиден со важечките студиски програми. Документи кои се релевантни за спроведување на

постапката за самоевалуација и кои се користени за изработка на овој Извештај се следниве:

- Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016 и 127/16).
- Упатството за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високобразовните установи и на академскиот кадар во Р. Македонија (Сл. весник на РМ, бр. 64/2000, бр. 67/2013).
- Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на единиците на Универзитетот усвоено на 9-тата седница на Универзитетскиот Сенат од 30.04.2014 година.
- Извештај за работа на директорот на Економски институт-Скопје за период 05-05.2015-05.05. 2016 година (Арх. бр. 02-765/1, од 05.05.2016).
- Извештај за работа на директорот на Економски институт-Скопје за период 05.05.2014-05.05.2015 година (Арх. бр. 02-802/1 од 13.05. 2015 година).
- Одлука за усвоен Извештај за работа на директорот на Економски институт-Скопје за период 05.05.2014-05.05.2015 година (Арх. бр. 02-802/2 од 15.05. 2015 година).
- Одлука за усвоен Извештај за работа на директорот на Економски институт-Скопје за период 05-05.2015-05.05. 2016 година (Арх. бр. 02-765/2 од 18.05.2016).
- Решение за престанок на функција директор на Економски институт (Арх. бр. 04-1134/2 од 14.09.2016 година).
- Решение за назначување времен вршител на должност директор на Економскиот институт-Скопје (Арх. бр. 04-1261/1 од 15.09.2016 година).
- Решение за престанок на мандат на в.д. директор на Економскиот институт-Скопје (Арх. бр. 02-267/1 од 17.02.2017 година).
- Одлука за утврдување на кандинат за директор на Економскиот институт-Скопје (Арх. бр. 02-1863/1 од 28.12.2016 година).
- Одлука за избор на Директор (Арх. бр. 02-267/2 од 17.02.2017 година).
- Одлука за потврдување избор на Директор (Арх. бр. 02-267/3 од 17.02.2017 година).
- Предлог програма за работа на Економскиот институт-Скопје, за период 2017-2020 годдина (Арх. бр. 04-1821/1 од 22.12. 2016 година).
- Извештај за самоевалуација на институцијата и студиските програми на Економски институт-Скопје, април 2013 година.
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиските програми: Меѓународна економија 4+1 и 3+2, Претприемништво 4+1 и 3+2, Финансиски менаџмент 4+1 и 3+2, Меѓународен менаџмент 4+1 и 3+2 и Агробизнис 4+1 (Арх. бр. 09-2120/1 0д 08.10.2012 година).
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми

на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиските програми Логистика на бизнисот 4+1 и Логистика на бизнисот 3+2 (Арх.бр. 09-1280/2 и 09-1280/3 од 04.07.2013 година).

- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиските програми Бизнис менаџмент 4+1 и Бизнис менаџмент 3+2 (Арх. бр. 09-1413/1 и 09-1413/2 од 10.07.2013 година).
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиската програма Бизнис менаџнет на англиски јазик (Арх.бр. 09-2052/2 од 13.11.2013 година).
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиската програма Менаџерска економија 3+2 (Арх. бр. 09-1078/1 од 25.06.2015 година).
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија за усогласување и акредитација на студиските програми на Економски институт-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиската програма Менаџерска економија 4+1 (Арх. бр. 09-252/2 од 14.06.2017 од 05.06.2017 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на усогласените студиски програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии, за студиските програми: Меѓународна економија 4+1, Меѓународна економија 3+2, Претприемништво 4+1, Претприемништво 3+2, Финансиски менаџмент 4+1, Финансиски менаџмент 3+2, Меѓународен менаџмент 4+1, Меѓународен менаџмент 3+2, Агробизнис 4+1 и Агробизнис 3+2 (Арх. бр. 09-311/1 од 15.02.2013 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на усогласените студиски програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии, за студиските програми Логистика на бизнисот и Бизнис менаџмент (Арх. бр. 09-1520/1 од 01.08.2013 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на усогласените студиски програми од втор циклус на едногодишни и двегодишни студии, за студиските програми Бизнис менаџмент на англиски јазик (Арх. бр. 09-470/1 од 04.03.2014 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на усогласените студиски програми од втор циклус за студиската програма Менаџерска економија 3+2 (Арх. бр. 09-1157/1 од 15.06.2015 година)
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на усогласените студиски програми од втор циклус на

едногодишни студии, за студиската програма Менаџерска економија 4+1) (Арх. бр. 09-1392/1 од 09.08.2017 година).

- Проекти за измена и дополнување на студиски програми од втор циклус (за програмите Меѓународна економија 4+1, Меѓународна економија 3+2, Претприемништво 4+1, Претприемништво 3+2, Финансиски менаџмент 4+1, Финансиски менаџмент 3+2, Меѓународен менаџмент 4+1, Меѓународен менаџмент 3+2, Агробизнис 4+1 и Агробизнис 3+2), (Арх. бр. 09-1297/1 од 12.07.2017 година).
- Решение од Одбор за акредитација и евалуација на високото образование во Република Македонија со кое се акредитираат студиски програми за нови тригодишни студии од третиот циклус докторски студии на Економскиот институт-Скопје други сродни единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиските програми: Организациски науки и уптавување (менаџмент), Економски науки и Статистички методи за бизнис економија (Арх. бр. 09-1587/1, 09-1587/2 и 09-1587/3 од 18.07.2012 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на студиските програми за нови тригодишнни студии од третиот циклус докторски студии на Економскиот институт-Скопје и други сродни единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиската програма по Статистички методи за бизнис економија, Демографија, Организациски науки и управување (менаџмент) и Економски науки (Арх. бр. 09-2112/1 од 05.10.2012 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на студиските програми за тригодишнни студии од третиот циклус докторски студии на Економскиот институт-Скопје и други сродни единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиската програма Организациски науки и уптавување (менаџмент) (Арх. бр. 09-1309/1 од 14.07.2017 година).
- Решение од Министерство за образование и наука на Република Македонија за почеток со работа на студиските програми за тригодишни студии од третиот циклус докторски студии на Економскиот институт-Скопје и други сродни единици при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје за студиските програми по Демографија, Статистички методи за бизнис економија и Економија (Арх. бр. 09-1310/1, 09-1310/2 и 09-1310/3 од 14.07.2017 година).
- Записник од извршениот попис на основни срдества, ситен инвентар и потрошен материјал за 2014, 2015 и 2016 година (Арх. бр. 02-142/1 од 22.01.2016 година, 02-1841/2 од 30.12.2016 година
- Записник од извешениот попис на парични средства во благајна за 2014, 2015 и 2016 година (Арх. бр. 02-142/2 и 02-142/3 од 22.01.2016 година, 02-1842/2 од 30.12.2016 година
- Записник од извешениот попис трансакциска сметка, состојби на побарувања и обврски за 2014, 2015 и 2016 година (Арх. бр. 02-1843/2 од 30.12.2016 година.
- Решение за акредитација на ментори на втор циклус (Арх. бр. 09-653/2 од 25.06.2015 и 09-10/1 од 04.01.2017 година).

- Решение за акредитација на ментори на трет циклус (Арх. бр. 09-4/1, 09-5/1, 09-6/1, 09-7/1, 09-8/1 и 09-9/1 од 04.01.2017 година).

3. ОПИС НА ЕДИНИЦАТА ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ-СКОПЈЕ

Економскиот институт е основан од Владата на Народна Република Македонија, со уредба број 704 од 30 јуни 1952 година, како самостојна научно-истражувачка институција при Стопанскиот совет на Владата. Врз основа на одлуката на Советот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје, од први јануари 1966 година, Економскиот институт има статус на самостојна научно-истражувачка установа. Во кус период од 1976 до 1977 година е извршено организациско преструктуирање на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј"-Скопје, пришто Економскиот институт-Скопје се интегрира со Економскиот факултет-Скопје и Економскиот факултет-Прилеп во една работна единица, како Факултет за економски науки во состав на сложената ОЗТ Универзитетски центар за општествени науки-Скопје. Во периодот што следува, Економскиот институт Скопје како јавна научна установа и членка на УКИМ се занимава со научно-истражувачка и образовна дејност. Со процесот на интеграцијата и Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, усвоен во декември 2008 година, Економски институт станува негова единица и учествува во сите работни и раководни тела. Институтот има свои преставници во бројни универзитетски комисии, во Универзитескиот сенат и во Ректорската Управа.

Во својот повеќегодишен развој, Економскиот институт е поставен во функција на реализација на јавниот интерес на земјата, преку владини програми за развој на научно-истражувачката дејност, во делот на економијата.

Основна дејност на Економскиот институт претставува научно-истражувачката работа од областа на економските науки, организационите науки и управување (менаџмент) и демогафијата, образованието, оспособување и усовршување на научно-истражувачки кадри, создавање и развој на научно-истражувачка инфраструктура, издавачка дејност, како и други активности непосредно врзани со остварувањето на основната дејност. Во своето 65 годишно постоење, Економскиот институт се позиционира како значаен фактор на развојот на економската мисла во државата и нејзината имплементација во успешното разрешување на сите практични проблеми во оваа сфера.

Досега, на Економскиот институт магистрирале вкупно 861 кандидат. Во однос на докторските дисертации, на Економскиот институт досега докторирале вкупно 146 кандидати. Од основањето па до денес, во Институтот се изработени повеќе од 500 проекти и објавени се над 155 посебни публикации, а во извештајниот период, издадени се следниве публикации:

- Economic Development- Економски развој. Journal of the Institute of Economics-Skopje, Skopje, numbers 1/2/3 from 2014-2017.
- Ангелова, Биљана; Попоска, Климентина: Финансирање на мали и средни претпријатија, Скопје, Економски институт, 2015, стр. 368.
- Redakteurs Janeska Verica; Lozanoska Aleksandra: Cinquieme Conference international de demographie des Balkans Ohrid, Republique de Macedoine 21-24

octobre 2015: La population des Balkans a l`aube du XXI eme siècle: livre des resumes, Skopje, Ekonomski institut, 2015, str.106.

- Ангелова, Биљана; Попоска, Климентина: Влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и на граѓаните во Република Македонија, Скопје, Економски институт, 2015, стр.307.
- Петковска,Татјана; Петковска Мирчевска, Татјана: Меѓународен маркетинг: концепциски, стратегиски и акциони аспекти, Скопје, Економски институт, 2014 стр. 653.
- Јанеска, Верица, редактор: Научната дијаспора од Република Македонија, Скопје, Економски институт, 2014 стр.273.
- Петковска Мирчевска Татјана, Јаневски Зоран: Претприемничка лабораторија, Скопје, Економски институт, 2014 стр.207.
- Бошковска Диана: Акциите-инструмент на портфолио менаџментот, Скопје, Економски институт, 2014 стр. 255.

3.1. МИСИЈА И ЦЕЛИ НА ЕДИНИЦАТА

Економскиот институт-Скопје, е единствена научно-истражувачка институција од овој вид во Република Македонија. Неговата мисија се состои во остварување на следните основни стратешки и програмски цели:

- постојано да го подига нивото на научно-истражувачката дејност во областа на економијата и организациските науки, и со тоа да овозможи континуирано обновување и осовременување на стручните знаења и научниот капацитет на наставно-соработничкиот кадар;
- да обезбеди квалитетно и компетитивно високо образование од втор и трет степен од областа економијата, организациските науки и демографијата;
- во континуитет да обезбедува услови за реализирање на зацртаната програма за работа и имплементација на највисоките научни и стручни сознанија во рамките на истражуваните дисциплини, како и во реализирањето на студиските програми, со нивно перманентно надоградување и проширување.
- спроведување на интерактивност и транспарентност во наставата, како и имплементација на информатичка технологија во истражувачкиот и наставниот процес.
- имплементација на Европскиот Кредит Трансфер Систем (ЕКТС) во иновирањето на студиските програми и соработка со компатибилни научноистражувачки и високообразовни институции, со можности за обезбедување мобилноста на студентите и наставно-научниот кадар.
- да ја развива соработката со реалниот сектор, со цел научните сознанија да се применат за развој на нови претприемнички идеи и потфати, како и во решавање на конкретни и специфични проблеми со кои се соочуваат претпријатијата во Република Македонија;
- да ја поттикнува и да ја организира сопствената издавачка дејност, преку издавање на научни и стручни трудови, учебници и учебни помагала, монографии, зборници, научни списанија, студии и др.

3.2. СТРАТЕГИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА МИСИЈАТА

Во својот повеќегодишен развој, Економскиот институт е поставен во функција на реализација на јавниот интерес на земјата и за развој на научно-истражувачката дејност. Основна дејност на Економскиот институт претставува научноистражувачката работа од областа на економските науки, организационите науки и управување (менаџмент) и демогафијата, како и остварување на високообразовна дејност од втор и трет циклус, оспособување и усовршување на научноистражувачки кадри, создавање и развој на научноистражувачка инфраструктура, издавачка дејност, како и други активности непосредно врзани со остварувањето на основната дејност. Во своето 65 - годишно постоење, Економскиот институт се позиционира како значаен фактор на развојот на економската мисла во државата и нејзината имплементација во успешното разрешување на сите практични проблеми во оваа сфера.

За остварување на своите активности, Економскиот институт е организиран во три одделенија и тоа:

- Одделение за економски науки,
- Одделение за организациони науки и управување (менаџмет) и
- Одделение за демографија.

За вршење на стручни, административни, нормативни и помошно технички работи во функционирањето на Институтот задолжена е Стручната и административна служба.

Стручен орган на Институтот е Научниот совет, раководен орган е директорот, а орган на управување е Институтската управа.

Наставно-научниот колегиум е научностручно тело кое се занимава со работи поврзани со образовната дејност (втор и трет циклус). За издавачката дејност се грижи Редакциски одбор на Институтот. По потреба, а на предлог на директорот и Научниот совет се формираат Комисии за точно одредени задачи. Организационата поставеност на институтот графички е претставена на Слика 1.

Слика 1. Организациска поставеност на Економскиот институт



4. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Научно-истражувачките проекти Економскиот институт-Скопје ги реализира во сите дисциплини од областа на економските и сродните науки. По потреба, институтот ангажира и надворешни соработници од различни профили, а има создадено и широка мрежа за соработка со сродни институции од земјава и од светот.

Програмската ориентација на научноистражувачката активност на Економскиот институт е значително проширена поради зголемената потреба од вклучување на науката во решавањето на бројни проблеми кои во континуитет произлегуваат од различните промени во општествено-економската реалност. Економскиот институт перманентно ги следи достигнувањата на научната мисла во светот од теоретски, развоен и стручно-апликативен аспект. Преку сопствени фундаментални, развојни и апликативни истражувања во доменот на економските и другите сродни науки, Институтот ја развива научната мисла и ја организира, координира и управува научноистражувачката работа во областа на економските и организациските науки.

Истражувањата од доменот на економијата опфаќаат проблеми поврзани со: економскиот и регионалниот развој; човековиот развој; економската политика; работната сила и демографијата; меѓународната економија; меѓународната трговија; девизниот, фискалниот и кредитно-монетарниот систем; економиката на туризмот; економиката на земјоделството; аграрната политика; животниот стандард на населението; маркетингот и друго.

Истражувањата во доменот на организациските науки се однесуваат на прашања поврзани со: инвестициониот менаџмент, маркетинг-менаџментот, деловната политика и корпоративните финансии, информационите системи, менаџментот и управувањето во претпријатијата, претприемништвото, електронската трговија, менаџмент во агробизнисот, финансискиот менаџмент и друго. Од основањето, па до денес, во Институтот се изработени повеќе од 500 проекти.

Финансирањето на научно-истражувачката работа се врши преку изработка на научно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука на Република Македонија, од средтвата наменети за интегративниоте функции при УКИМ, како и од сопствени средства. Во извештајниот период, реализирани се следниве проекти:

- Група автори, д-р Силвана Мојсовска (раководител), „Анализа на ефектите од пазарната инспекција врз економските субјекти во земјите од ЦЕФТА“, регионален проект финансиран од ГИЗ-Скопје, 2013/2014.
- Група автори, д-р Татјана Петовска-Мирчевска, д-р Зоран Јаневски (раководители), „Формирање на претприемничка лабараторија на Економски институт-Скопје при УКИМ“, проект финансиран од средства на интегративните функции на УКИМ за 2014.
- Група автори, д-р Биљана Ангелова, д-р Климентина Попоска (раководители), „влијание на финансиската криза врз нефункционалните кредити и задолженоста на компаниите и граѓаните во Република Македонија“, проект финансиран од средства на интегративните функции на УКИМ за 2014.
- Група автори, „Стратегија за локален економски развој на Вардарскиот плански регион“, Економски институт-Скопје, 2014.

- Група автори, д-р Биљана Ангелова, „Стратегија за управување со ризици во ЈП Македонски шуми“, Економски институт-Скопје, 2014.
- Група автори, д-р Снежана Костадиновска Милошевска, д-р Наташа Данилоска (раководители), „Можности за подобрување на ефикасноста во спроведувањето на Инструментот за претпристапна помош во Република Македонија“, проект финансиран од средства на интегративните функции на УКИМ за 2014/2015.
- Група автори, д-р Неда Петроска-Ангеловска, д-р Марија Ацковска (раководители), „Причини за ниската акумулативна способност и ликвидност на претпријатијата од реалниот сектор во Република Македониј “, проект финансиран од средства на интегративните функции на УКИМ за 2015/2016.
- Група автори, д-р Татјана Петковска-Мирчевска, д-р Зоран Јаневски (раководители), „Примена на маркетинг концептот на малите претпријатија во Република Македонија “, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2015/2016.
- Група автори, д-р Верица Јанеска и д-р Александра Лозановска (раководители), „Особености на активно и неактивнио помладо население во Република Македонија“, проет финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2015/2016.
- Група автори, д-р Диана Бошковска и д-р Весна Георгиева-Свртинов (раководители), „Можности и перспективи за развој на Македонската берза на харии од вредност во услови на криза од регионален и глобален карактер“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2015/2016.
- Група автори, д-р Биљана Ангелова и д-р Искра Станчева-Гигов (раководители), „Оценување на бизнис циклусите“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2015/2016.
- д-р Биљана Ангелова и д-р Елена Давитковска (раководители), „Стратегија за управување со ризици на КХС за период 2016-2019, Економски институт-Скопје, 2016.
- Група автори, д-р Зоран Јаневски и д-р Владимир Петковски (раководители), „Дигиталната економија во Република Македонија-предизвици и можности за нејзино унапредување“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2016.
- Група автори, д-р Снежана Костадиновска Милошевска и д-р Елизабета Џамбаска (раководители), „Карактеристики на јавниот долг на Република Македонија“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2016.
- Група автори, д-р Наташа Данилоска и д-р Катерина Хаџи Наумова Михајловска (раководители), „Унапредување на организациските структури и менаџмент практики на деловните субјекти за органски земјоделски производи во Република Македонија“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2016.
- Група автори, д-р Марија Ацковска и д-р Неда Петроска-Ангеловска (раководители), „Можности и перспективи за развој на алтернативните форми на туризам во Република Македонија“, проект финансиран од средства на Економски институт-Скопје 2016.

Во периодот 2013-2016 година, научниот, наставно-научниот и соработничкиот кадар од Институтот учествувале на поголем број меѓународни и домашни конференции, симпозиуми и семинари и објавиле бројни научноистражувачки трудови. Преглед на видот и обемот на научно-истражувачката дејност која во извештајниот период се одвиваше во Економскиот институт-Скопје, е даден во Табела 1.

Табела 1: Податоци за научно истражувачка дејност во Економскиот институт-Скопје, за периодот 2013-2016 година (по број)

Економски институт-Скопје	научноистражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации	објавени научни трудови во научни списанија со импакт фактор	домашни организирани конференции/семинари/работилници	меѓународни организирани конференции/семинари/работилници	број на учества на меѓународни конференции/семинари/работилници	број на учества на национални конференции/семинари/работилници	број на гостувања на странски предавачи за периодот на евалуација	број на гостувања на предавачи од УКИМ на странски институции	број на ментори на докторски студии за периодот на евалуација
2013/14	77	4	0	1	32	9	1	0	5
2014/15	82	5	1	1	34	6	2	0	5
2015/16	68	7	0	1	37	5	1	2	7
Вкупно за период 2013-2014	**227**	**16**	**1**	**3**	**103**	**20**	**4**	**2**	**17**

И покрај прикажаната научноистражувачка активност, сепак, општ впечаток е дека научноистражувачкиот потенцијал на Институтот не е доволно искористен за откривање нови научни сознанија и унапредување на научната мисла. Една од причините е недостаток на материјални средства, но и несоодветното вреднување на научноистражувачката работа на ниво на државата.

Од приложеното, може да се направи следната анализа:

SWOT анализа

S	Теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научен проект, воспоставени институционални и индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови за размена на искуства.
W	Ограниченост во пристапните меѓународни финансиски фондови и партнерските односи за заедничка настап на меѓународни научно-истражувачки проекти.
O	Кандидатскиот статус на државата во ЕУ и можност за аплицирање на меѓународни научно-истражувачки проекти и програми за мобилност.
T	Несоодветна валоризација на научно истражувачката работа и недостаток на средства за фундаментални научно истражувачки проекти.

5. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Освен научноистражувачката дејност, Економскиот институт-Скопје, во рамки на своите активности, спроведува и високообразовна дејност од втор и трет циклус на студии.

Почнувајќи од учебната 1998/99 година, Економскиот институт отпочна со организирање на последипломски студии, како и со изработка и одбрана на докторски дисертации.

До 2009 година, последипломските студии се реализираа преку наставно-менторски активности. Со приклучувањето на Република Македонија кон Болоњскиот процес, од академската 2009/10 година, Економскиот институт организира втор циклус академски студии според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

5.1. СТУДИСКИ ПРОГРАМИ

Економскиот институт-Скопје во рамките на своите активности, организира и спроведува едногодишни и двегодишни последипломски студии, според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС). На Економскиот институт се организираат студии од втор циклус од следните области:

- Меѓународна економија
- Финансиски менаџмент
- Претприемништво
- Агробизнис
- Меѓународен менаџмент (студиумот е резултат на заеднички ТЕМПУС проект, изработен во соработка со Универзитетот во Болоња-Италија, Универзитетот Сорбона-Франција и Универзитетот во Атина-Грција.
- Логистика на бизнисот
- Бизнис менаџмент (и на англиски јазик)
- Менаџерска економија

Последипломските студии во Економскиот институт-Скопје содржат две студиски програми: програма 3+2 и програма 4+1. Студиската програма 3+2 е организирана во траење од 4 семестри, односно 2 години, а студиската програма 4+1 е организирана во траење од 2 семестри, односно 1 година. Студиската програма 3+2 е наменета за студентите кои се стекнале со високо образование според правилата на Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) и од првиот циклус на високо образование остварile најмалку 180 кредити, додека студиската програма 4+1 е наменета за студентите кои се стекнале со високо образование пред воведување на ЕКТС системот на Универзитетите во Република Македонија, односно кои со завршување на првиот циклус на високо образование остварile најмалку 240 кредити. Двегодишните студиски програми од втор циклус на студии се организираат во четири семестри во рамките на две студиски години. Секоја студиска година студентот треба да оствари вкупно 60 кредити, односно по 30 во секој семестар.

Сите студиски програми на Економскиот институт се состојат од задолжителни и изборни предмети, чиј сооднос на застапеност во рамки на секоја од програмите е 60%:40%. Од вкупно 40% изборни предмети кои се понудени на листата на изборни предмети, 10% можат да се изберат од листата на Институтот или од друга единица на УКИМ. Во текот на сите семестри се одржува, настава, консултации и се реализираат семинарските работи, проектните задачи и испитите.

Едногодишните студиски програми од втор циклус се организираат во траење од два семестри, односно 1 студиска година. Во текот на двата семестри се одржува настава, консултации и се реализираат испитите, семинарските работи и проектите. Вкупниот број на кредити кој го добиваат студентите со завршувањето на постдипломските студии од оваа студиска програма изнесува 60 кредити.

Во рамките на наставните програми, се организира редовна настава за студентите. Обемот на наставата и програмската содржина на секој предмет се определени согласно бројот на кредитите што ги носи предметот. За изборни предмети со 1-5 студенти се организира менторски систем на разработка на програмата и подготовката на семинарските трудови и испитите.

При изведување на наставата се користат класични предавања и методи на интерактивна настава. Од интерактивните методи на настава, најчесто се користат панел дискусии, формални дебати, студии на случаи, семинарски работи, процена на трудот на друг студент, повторување на материјалот и слично. Посебен акцент при интерактивната настава и учење се дава на дискусиите, методите на симулација и истражувачките проекти.

Во рамките на секој предмет е предвидена проверка на знаењето и вештините на студентот во текот на семестарот, најчесто преку тестови. Целокупните студии се сметаат за завршени кога студентот ќе ги исполни сите обврски предвидени со програмата.

Сите студиски програми од втор циклус на студии кои се реализираат на Економскиот институт-Скопје даваат можност за понатамошна континуирана едукација на повисоко ниво т.е. докторски студии (3 циклус на студии). Во Економскиот институт-Скопје има 20 акредитирани ментори за втор циклус на стуии.

Нивото на високообразовните квалификации во националната рамка кое го достигнува студентот по завршувањето на вториот циклус студии е магистерски академски студии е VIIA.

Од учебната 1998/99 година, кога за првпат се воспоставени последипломските студии, досега, на Економскиот институт магистрирале вкупно 852 кандидат. Збирен преглед на податоците за бројот на студенти кои студирале и магистрирале на Економскиот институт е даден во Табела 2.

Табела 2. Број на студенти кои студирале и магистрирале на Економски институт-Скопје до академската 2015/2016 година и во академската 2015/2016 година

Студии	до 2015/2016	во 2015/2016	вкупно
II циклус студии (2 семестра)	361	76	437
II циклус студии (4 семестри)	100	45	145
постдипломски студии пред воведување на ЕКТС	268	2	270
Вкупно	**729**	**123**	**852**

Од 1999 година Економски институт-Скопје организира изработка и одбрана на докторски студии од областа на економските науки со што кандидатите се стекнуваат со научен степен Доктор по економски науки. Од тогаш до 2017 година докторирале вкупно 146 кандидати.

Економскиот институт-Скопје прави редовни измени и дополнувања на студиските програми.

Во согласност со новиот модел на докторски студии на УКИМ, од февруари 2012 година, Економскиот институт-Скопје учествува во организирање, изведба и реализација на Школата за докторски студии на заеднички студиски програми од областите:

- Економски науки, со Економскиот факултет.
- Организациски науки и управување (менаџмент), со Економскиот факултет и Институтот за социолошки и правно-политички истажувања.
- Демографија, со Економскиот факултет
- Статистички методи за бизнис и економија, со Економскиот факултет.

Докторските студии се состојат од обука за истражување, едукација и пријава, изработка и одбрана на докторската дисертација. Од учебната 2012/13 година до 2015/16 има запишано повеќе од 40 кандидати. На Економски институт-Скопје има акредитирано 9 ментори на трет циклус студии.

Во продложение е презентирана SWOT анализата.

SWOT анализата

S	Добра организација на наставата, со континуирано оценување на знаењето условува перманентно и активно ангажирање на студентите. Навремено закажување на испити и почитување на терминте. Редовна достапност на кадарот за консултации со студентите.
W	Организирање на наствата во попладневните часови и за време на викендите што резултира со намалена концетрација.
O	Вклучување на студенти како тековните научно-истражувачки активности на Институтот и можност за нивно оспособување за решавање на реални проблеми во економијата и бизнисот.
T	Нелојана конкуренција на пазарот на знаење.

5.2. СТУДЕНТИ

Во однос на уписите на студентите на Економскиот институт-Скопје, почнувајќи од академската 2013-2014 година, забележано е значително намалување на бројот на студенти на сите насоки и програми. Според резултатите од заедничкиот конкурс на УКИМ, како и и дополнителниот конкурс за упис на студенти во извештајниот период за втор циклус на студии, во ЕИС во двата уписни рокови вкупно запишани се 355 студенти. Прегледот на бројот на запишани студенти на втор циклус, на Економски институт, по насоки и академски години е даден во Табела 3.

Табела 3. Број на запишани студенти на втор цилкус студии на Економски институт-Скопје, по насоки и академски години, за периодот 2013-2016 година.

	Вид студиска програма	2013/14	2014/15	2015/16	2016/17	Вкупно по насоки
Меѓународна економија	4+1	7	6	2	4	18
	3+2	6	5	1	0	13
	Вк.	**13**	**11**	**3**	**4**	**31**
Финансиски менаџмент	4+1	35	44	16	22	117
	3+2	36	25	15	6	72
	Вк.	**71**	**69**	**21**	**28**	**189**
Агробизнис	4+1	1	0	0	0	1
	3+2	1	1	1	0	3
	Вк.	**2**	**1**	**1**	**0**	**4**
Претприемништво	4+1	13	3	3	2	21
	3+2	10	6	2	1	19
	Вк.	**23**	**9**	**5**	**3**	**40**
Меѓународен менаџмент	4+1	5	12	5	2	24
	3+2	4	3	5	1	13
	Вк.	**9**	**15**	**10**	**3**	**37**
Логистика на бизнисот	4+1		2	7	7	16
	3+2		13	4	5	22
	Вк.		**15**	**11**	**12**	**38**
Бизнис менаџмент	4+1		3	1	2	6
	3+2		3	4	1	8
	Вк.		**6**	**5**	**3**	**14**
Менаџерска економија	4+1			0	0	0
	3+2			1	1	2
	Вк.			**1**	**1**	**2**
Вкупно по години		**118**	**126**	**57**	**54**	**355**

Од изнесените податоци јасно може да се воочи дека бројот на запишани студенти континуирано опаѓа на сите студиски програми и во секоја академска година. Исклучок од трендот се јавува само во акадамската 2014-2015 година, кај насоките Финансиски менаџмент и Меѓународен менаџмент и тоа на едногодишните студиски програми. Треба да се нагласи дека на дополнителниот уписен конкурс се пријавуваат значително помал број на студенти од оние кои се пријавиле во редовниот конкурс.

Во текот на академската година, согласно глобалниот календар на УКИМ, комплетно се реализирани предавањата. Предавањата по сите насоки се реализираат во просториите на Институтот според планираниот распоред и во определени денови. Во текот на академската година, сите испитни сесии се уредно објавени на огласната табла и на интернет порталот на Институтот.

Табела 4. Времетрање на студиите од втор циклус на Економски институт-Скопје, по академски години, за периодот 2013-2016 година

Вид на студиска програма	Академска година	Времетраење (години)
Едногодишни (4+1)	2013/2014	3
	2014/2015	3,5
	2015/2016	3
Двегодишни (3+2)	2013/2014	3,2
	2014/2015	3,5
	2015/2016	3,4

Податоците во однос на осипувањето на студентите од втор циклус студии на Економски институт (Табела 5.), покажуваат дека таа појава е речиси незначителна. Имено, во извештајниот период, само двајца студенти ги напуштиле студиите и тоа по еден во академската 2013/2014 и 2014/2015 година.

Табела 5. Осипување на студентите од втор циклус студии на Економски институт-Скопје, по академски години, за периодот 2013-2016 година, во (%)

Вид на студиска програма	Академска година	Осипување (%)
Едногодишни (4+1)	2013/2014	
	2014/2015	
	2015/2016	
Двегодишни (3+2)	2013/2014	1
	2014/2015	1
	2015/2016	

Според предвидената агенда за самоевалуацијата, за време на извештајниот период, во Институтот се спроведуваше анкета меѓу студентите од сите програми и предмети, во секој семестар, во секоја академска година. Во анкетата се опфатени по најмалку 51% од слушателите на конкретен предмет и наставник. Анкетата беше спроведена од страна на Комисија за самоевалуација, која по прибирање на сите анкетни листови, пристапи кон анализа на одговорите на прашањата. Анализата на сумарните резултати од анкетата се презентирани како средна вредност на одговорите. Подолу, направен е краток осврт на прашањата кои се одговорени со највисок степен на согласност според прашањата од анкетниот лист.

Анализата на резултатите од спроведениот Анкетен прашалник за студентите, во извештајниот период, недвосмислено укажува на високо рангирање на најголемиот број прашања. Притоа, највисока вредност е добиена по однос на прашањето за Односот кон студентот (прашање бр.5), за кое е добиена вредност 9,85 при највисокиот ранг одговори (10), а најниска оценка е добиена по однос на прашањето бр. 2 (Квалитет на изведување на настава) и бр. 6 (Обезбедување на соодветен материјал за учење и подготовка на предметот), на кои е добиена вредност 9,54.

Сите наставно-научни и научни рабтници кои се вклучени во изведувањето на наставата од втор циклус студии на Економски институт, добија позитивна оценка од страна на студентите.

Во однос на прашањето бр. 10 за тежината на барањата на студентите и испитите, резултатите се презентирани во Графикон 1.

Графикон 1. Барања што се поставуваат пред студентите и тежина на испитот

Како што може да се забележи дека во најголем процент, студентите одговориле дека поставените барања и тежината на испитот се сосема соодветни (51%). Сепак, не е́ мал ниту уделот на студентите кои сметаат дека во Економскиот институт се поставуваат многу големи барања од страна на професорите, што може да послужи како основа за ревидирање на системот на испитување, списикот на задолжителна литература и соодветна селекција на наставните содржини со фокус на содржината и компетенциите кои студентите треба да ги добијат на вториот циклус студии.

Во продложение е презентирана SWOT анализата.

SWOT анализа

S	Преку изработка и презентирање на проектни задачи, студентите се оспособуваат за примена на теоретските сознанија во решање на конкретни проблеми, кои ќе им овозможат и лесно вклучување во задачите што би ги добиваат при вработувањето.
W	Пообемна содржина на наставните програми во однос на очекувањата на студентите и дефинираните компетенции.
O	Голема апсорпциона моќ на пазарот на труд при вработувањето на студентите.
T	Сеуште постои недоволна диференцијација од аспект на стекнатите дипломи од втор циклус на студии и покрај рангирањето на универзитетите во Република Македонија.

6. НАУЧЕН, НАСТАВНО-НАУЧЕН И СОРАБОТНИЧКИ КАДАР

Научноистражувачката и образовната дејност на Економскиот институт, како што може да се види во Табела 6, ја остваруваат 21 доктори на науки, односно 7 редовни професори, 5 вонредени професори и 6 доценти, како и 1 виш научен соработник и 2 научни соработници. Економскиот институт ангажира и голем број надворешни соработници од различни профили, а има создадено и широка мрежа за соработка со сродни институции од земјава, регионот и светот.

Табела 6. Број и структура на наставно-научниот и научниот кадар на Економски институт-Скопје, по универзитетско и академско звање и по пол (состојба 14.1.2017)

универзитетско звање		**академско звање**					**пол**		
		д-р	**м-р**	**спец.**	**в.о.**	**вк.**	**м.**	**ж.**	**вк.**
редовен професор научен советник	постојани	7				**7**	1	**6**	**7**
	ангажирани					**0**		**0**	**0**
вонреден професор	постојани	6				**6**		**6**	**6**
виш научен соработник	ангажирани					**0**		**0**	**0**
доцент научен соработник	постојани	8				**8**	2	**6**	**8**
	ангажирани					**0**		**0**	**0**
вкупно наставни и научни кадри	постојани	**21**	**0**	**0**	**0**	**21**	**3**	**18**	**21**
	ангажирани	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
вкупно	**постојани**	**21**	**0**	**0**	**0**	**21**	**3**	**18**	**21**
	ангажирани	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**

Во Табела 7, дадена е старосната структура на научноистражувачкиот и научниот кадар на Институтот.

Табела 7. Старосна структура на наставно-научниот и научниот кадар на Економски институт-Скопје, по универзитетско и академско звање и по пол (состојба 14.1.2017)

универзитетско звање		**старосна структура**					
		22-25	**25-35**	**35-45**	**45-55**	**55-65**	**вкупно**
редовен професор научен советник	машки				1	**0**	1
	женски			1	2	**3**	6
вонреден професор виш научен соработник	машки					**0**	0
	женски			5		**1**	6
доцент научен соработник	машки		1		1	**0**	2
	женски		2	5		**-1**	6
вкупно наставни и научни кадри	машки	**0**	**1**	**0**	**2**	**0**	3
	женски	**0**	**2**	**11**	**2**	**3**	18
вкупно		**0**	**3**	**11**	**4**	**3**	21

Од вкупниот број (21), мажи се **3**, а жени **18**. Најголем дел од кадарот е на возраст 35-45 години.

Во продолжение е дадена соодветната SWOT анализа.

SWOT анализа

S	Кадарот континуирано го следи развојот на научната мисла од соодветните области и перманентно ја имплементира во образовниот процес.
W	Бројот на наставно-соработничкиот кадар не кореспондира во целост со бројот на наставните програми на одделни студиски програми.
O	Вклучување во научно-истражувачки и апликативни проекти и двонасочен трансфер на стекнатото знаење и искуство во наставата и во бизнисот.
T	Финансиски ограничувања за вработување на соработнички кадар, за поддршка на студиски престој во странство и за научно-истражувачки проекти.

7. ПРОСТОРНИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ (РЕСУРСИ)

Економски институт располага со оптимален деловен простор од околу 500 м$^{2.}$ Во рамките на овој простор Институтот располага со 2 предавални/училници во кои може да се изведува настава за 50 студенти; 8 кабинети и 1 библиотека. Секоја училница е опремена со телевизор, проектор, флип чарт, табла, компјутерска и комуникациска опрема.

Во продолжение е презентирана SWOT анализата.

SWOT анализа

S	Институтот располага со солиден наставен простор, доволен број на кабинети за академскиот кадар и канцеларии за администрација. Наставната материја е добро покриена со книги и учебни помагала.
W	Институтот не поседува компјутерска училница. Во библиотеката пристигнуваат мал број домашни и странски книги и списанија, освен учебници во рамки на проектот на Владата на РМ за превод на учебници од реномирани универзитети.
O	Просторните капацитети на институтот се надоградуваат со можноста за користење на просторот на останатите единици на УКИМ.
T	Рестриктивниот однос при финансирањето од надлежното министерство може да го загрози тековното одржување на објектот и соодветното опремување на лабораториите.

8. ЛОГИСТИКА

Логистичката поддршка за остварување на мисијата на Институтот ја дава стручната и административната служба која според систематизацијата треба да се состои од: секретар, советник за библиотечно работење, советник за финансиско, сметководствено и материјално работење, советник за јавни набавки, самостоен референт-администратор и самостоен референт-архивар. Бројот на вработените во овие

служби е 6, а нивната структура по степен на образование, пол и старост, е дадена во Табела 8. Стручната и административната служба е комплетно опремена со компјутери и има интернет приклучок.

Табела 8. Образовна, родова и старосна структура на стручната и административна служба на Економски институт-Скопје (состојба 14.1.2017 година)

Степен на образование	**Пол**	**Старосна структура**				
		22-25	**25-35**	**35-45**	**45-55**	**55-65**
докторат на науки	машки					0
	женски					0
магистратура/ специјализација	машки		1			0
	женски					0
високо образование	машки					1
	женски					2
вишо образование	машки					0
	женски					0
средно образование	машки					0
	женски					2
под ниво на средно образование	машки					0
	женски					0
вкупно	машки	0	**1**	0	0	**1**
	женски	0	0	0	0	**4**

Од податоците изнесени во Табела 8. може да се заклучи дека стручната и административна служба во Институтот има неповолна старосна структутра. Имено, четворица, или над 65% од вработените во службата спаѓаат во старосната група 55-65 години, што значи дека наскоро ќе го отварат правото на пензионирање.

Библиотеката располага со над 10.000 книги и други публикации и во неа е вработен еден библиотекар со високо образование. Целосното администрирање на функциите на библиотеката е преку инвентарна книга и електронско евидентирање на библиотечниот фонд. Библиотеката е опремена со еден компјутер, и интернет приклучок.

Во однос на логистиката, во продложение е презентирана SWOT анализата.

SWOT анализа

S	Функционална структура од аспект на логистиката, професионален и оперативен статус.
W	Недостаток на административен кадар.
O	Можност за апликација на софтверски решенија од аспект работењето на службата
T	Рестриктивен однос на државата за вработување на административен кадар.

9. НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА

Според концепциската организираност, дејноста на Институтот се базира на наставна, научно-истражувачка и апликативна активност, која неминовно условува поврзаност и соработка со сите едининци на УКИМ, субјекти од стопанството и од други јавни и приватни научноистражувачки и високообразовни институции во земјата и во странство.

Институтот реализира разни форми на соработка кои најчесто се однесуваат на размена на научно-истражувачки резултати и искуства во водењето на наставно-образовниот процес, соработка на научно-истражувачката работа, одржување стручни и научни предавања, членување во комисии за одбрана на магистерски и докторски трудови.

Во рамки на меѓународната соработка, Економскиот институт-Скопје, како член на Асоцијацијата на економските институти од југоисточна Европа, оствари неколку работни средби на кои се дефинирани следниве активности: конференции, семинари, подготовка на предлог проекти, размена и сл. На иницјатива и со посредување Универзитетот оствари билатерална соработка со Универзитетите во Болоња, Италија и Копер, Словенија.

Од 2015 година, во соработка со институциите членки на меѓународната асоцијација SEEA (Економски институт-Сараево; Економски институт - Загреб; Универзитет на Црна Гора, Економски факултет, Подгорица; Економски институт - Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј; Институт за економски истражувања, Љубљана и Институтот за економски науки, Београд) започна да се издава публикација под наслов "The SEE - 6 Economic Outlook". SEE - 6 Economic Outlook претставува пибликација на англиски јазик во која се анализирани најновите економски трендови и краткорочни макроекономски индикатори на 6 земји членки: Хрватска, Словенија, Република Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора.

На Економски институт-Скопје предаваат реномирани професори од првите 500 универзитети, според Академското рангирање на универзитети (Шангајска листа на универзитети). Така, во академската 2014/2015 и 2015/2016 година, реализирано е гостување на проф. Анцело Манареси од Универзитетот во Болоња Италија, како визитинг професор за предметот Меѓународен маркетинг на вториот циклус студии на Економскиот институт. За академската 2016/2017 и 2017/2018 година, планирано е гостување на проф. д-р Ирена Воденска од Универзитетот во Бостон, САД.

Економски институт-Скопје во 2014 година во партнерство со најголемите банки во Република Македонија, НБРМ и Македонската берза АД Скопје, ја основаа образовната институција „Академија за банкарство и информатичка технологија", прва од овој вид во Македонија по примерот на европските земји.

Во 2015 година остварена е соработка со Државниот универзитет ULUDAG − Бурса, Република Турција, со кој е договорена размена на наставници, заедничко учество на меѓународни проекти и организирање на меѓународни конференции.

Во продложение е презентирана SWOT анализата.

SWOT анализа

S	Оформениот високо експертен степен на наставно-соработничкиот потенцијал и имплементираните традиционални и меѓународни стандарди во наставната, истражувачката и апликативната дејност.
W	Рестриктивност во пристапните меѓународни финансиски фондови и партнерските односи за заедничка настап на меѓународни проекти од повисоки инвестициони нивоа.
O	Можности за вклучување во Европската научно-техничка соработка во конкретни проекти, како и можности за соработка на научна и наставно-образовна дејност со други универзитети во регионот и Европа.
T	Ограничена финансиска моќ на Институтот за партиципација во заеднички меѓународни проекти по сите дејности.

10. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на работата на Економскиот институт-Скопје се врши од средства на Министерството за образование и наука на Република Македонија и од сопствени средства. За точен увид во материјалното работење на Институтот во извештајниот период, во Табела 9. се дадени изворите и износите на приходите во денари. Во Табелите 10 и 11, претставени се расходите на Институтот во извештајниот период и тоа и од буџетските и од сопствените средства, соодветно.

Табела 9. Извори на финансирање на Еконмскиот институт-Скопје во периодот 2013-2016 година (во денари)

	ПРИХОДИ	2013	2014	2015	2016
1	буџет на РМ	12728271	12913468	14115242	14183675
2	партиципација од студенти	28747918	20633810	14461311	10862524
3	апликација	1416000	3405480	2344967	1663361
4	истражувачки проекти	1189134			
5	други извори				

Табела 10. Расходи од буџетските средства со кои располагал Економскиот институт-Скопје за периодот 2013-2016 година, во денари

	РАСХОДИ - буџет	2013	2014	2015	2016
1	плати и надоместоци	12458168	12388893	13725560	13747940
2	договорни услуги	0	0	0	0
2,1	настава				
2,2	апликација				
2,3	истражување				
3	опрема и други капитални инвестиции				
4	комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	270103	524575	389682	435825
5	материјални трошоци				
6	други трошоци				

Табела 11. Расходи од сопствените средства со кои располагал Економскиот институт-Скопје за периодот 2013-2016 година, во денари

	РАСХОДИ - сопствени средства	2013	2014	2015	2016
1	плати и надоместоци	41064	694738	1275246	1440069
2	договорни услуги	21064387	21511329	18397763	11254530
2,1	настава	18459253	18105849	16052796	9591169
2,2	апликација	1416000	3405480	2344967	1663361
2,3	истражување	1189134			
3	опрема и други капитални инвестиции	371938	1004909	1435350	575828
4	комунални услуги, греење, комуникации и транспорт	1150958	530884	679176	482252
5	материјални трошоци	828959	750911	779626	419916
6	други трошоци				

Од анализата на податоците во однос на финансирањето на Институтот, изнесени во табелите 9, 10 и 11, произлегуваат неколку констатации, сублимирани во SWOT анализата, дадена во продолжение.

SWOT анализата

S	Можност за континуирано финансирање на основната и дополнителната дејност.
W	Непостоење фонд за научно-истражувачка работа на институтот.
O	Со Националната Стратегија и Програма за развој на научно-истражувачката дејност, се очекува зголемување на буџетските средства.
T	Несоодветна динамика на исплата на средствата наменети за основната дејност може да предизвика потешкотии во процесот на реализација на активностите .

11. ЗАКЛУЧОЦИ

Врз основа на овој Извештај, изведените SWOT-анализи и анализата на анкетата на студентите, Комисијата за самоевалуација на Економскиот институт-Скопје ги наведува следниве заклучоци:

- Во Економскиот институт-Скопје постои соодветна теоретска подготвеност и практика за конципирање и реализација на научни проекти. Институтот има воспоставени институционални и индивидуални релации со други сродни научно-истражувачки институции и тимови за размена на искуства. Сепак, забележана е ограниченост во пристапот до меѓународни финансиски фондови и партнерските односи за заеднички настап на меѓународни научно-истражувачки проекти.
- Постои несоодветна валоризација на научно-истражувачката работа и недостаток на средства за фундаментални научно-истражувачки проекти. Институтот се соочува со финансиски ограничувања за вработување на соработнички кадар, за поддршка на студиски престој во странство и за научно-истражувачки проекти.

- Издавачката дејност на Институитот е на задоволително ниво. Континуирано се издава меѓународено научно списание „Economic Development“ кој редовно се дистрибуира. Институтот има широка издавачка дејност и ја интензивира својата активност со издавање на научни и стручни трудови, зборници на трудови, монографски изданија, учебници и други изданија.
- Научниот, наставно-научниот и соработничкиот кадар во Економскиот институт континуирано го следи развојот на научната мисла од соодветните области и перманентно ја имплементира во образовниот процес.
- Предметните програми од сите студиски програми кои се изведуваат на Институтот, обезбедуваат солидни и напредни академски знаења. Во наставата се применуваат современи методи на пренесување на знаења и искуства.
- Усвоениот концепт за креирање на распредот обезбедува реализирање на натавната програма, согласно предвиденото во акредитираните програми.
- Студиските програми нудат доволен број на изборни предмети за потесна специјализација во различни области и дисциплини.
- Во поглед на наставата, постои добра организација, со континуирано оценување на знаењето. Испитите се закажуваат навремено и се почитуваат терминте. Исто така, кадарот е редовно достапен за консултации и разговор со студентите, но треба да се ревидираат наставните материјали и дополнителната литература која се користи во наставата.
- Институтот располага со релативно мал, но солидно организиран наставен простор, доволен број на кабинети за академскиот кадар и канцеларии за администрација.
- Понудени предмети на актуелните постдипломските студии се соодветни и овозможуваат специјализација во голем број потесни области од економијата и организациските науки.
- Можноста за избор на голем број предмети често доведува до изведување на настава во менторска форма со сите предности и слабости што овој тип на настава ги носи.
- Библиотеката располага со солиден библиотечен фонд. Недостаток е што во библиотеката пристигнуваат мал број домашни и странски книги и списанија, освен учебници во рамки на проектот на Владата на РМ за превод на учебници од реномирани универзитети. Книгите и учебните помагала кои се користат во наставата, како и целокупниот библиотечен фонд се целосно достапни на студентите.
- Резултатите од студентската анкета на еклатантен начин ја покажуваат високата оценка за организацијата на наставниот процес, и посветеноста, а особено подготвеноста на кадарот на Економскиот институт-Скопје во реализирањето на тој процес.
- Иако се чувствува недостаток на административен кадар, Економскиот институт-Скопје создава функционална структура од аспект на логистиката, професионалниот и оперативниот статус.

Како сублимат на овој Извештај, би подвлекле дека во Економскиот институт-Скопје е забележлив висок степен на експертиза и професионалност на научниот, наставно-научниот и соработничкиот кадар, високо ниво на имплементација на националните и меѓународните практики и критериуми во научноистражувачката, образовната и апликативната дејност, хармонични меѓучовечки односи, висок степен на организациска култура и отвореност за соработа на сите нивоа.

17.8.2017 година

С к о п ј е

Директор:

д-р Татјана Петковска-Мирчевска

_____

Членови на Комисијата:

д-р Наташа Данилоска, претседател_____

д-р Неда Петроска Ангеловска, член_____

д-р Климентина Попоска, член_____

д-р Диана Бошковска, член_____

д-р Владимир Петковски, член_____

Калина Велковска, член_____

Ева Нединкоска, член_____